Врз основа на член 52 од Статутот на КАПИТАЛ БАНКА АД  Скопје, а во врска со член 86 од Законот за банки, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 20.10.2015 година, донесе

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А**
**за присоединување на Штедилница МАК-БС ДОО Скопје**
**кон КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје**

**Член 1**

Се одобрува постапка за присоединување на Штедилница МАК-БС ДОО Скопје кон КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје.

**Член 2**

Со присоединувањето на Штедилница МАК-БС ДОО Скопје кон КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, Штедилница МАК-БС ДОО Скопје како друштво коешто се присоединува, престанува да постои и ќе се изврши универзален пренос на целиот негов имот и на сите обврски на Банката којашто присоединува - КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, со состојба на денот што ќе биде определен со посебна спогодба што ќе биде склучена за присоединувањето на Штедилница МАК-БС ДОО Скопје кон КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, во која спогодба ќе бидат усогласени условите под кои што ќе се изврши присоединувањето.

**Член 3**

Утврдувањето на обврските на Штедилница МАК-БС ДОО Скопје и  КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, како и целата постапка на статусната промена – присоединување, ќе се изврши во согласност со спогодбата од член 2 од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за присоединување на Штедилница МАК – БС ДОО Скопје кон КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје број 0201-02/2 од 25.06.2014 година.

Претседавач на Собрание
на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје

___________________________